DOI 10.24249/2309-9917-2023-58-2-77-83

*И. Антоновски (Скопје, РС Македонија)*

## Македонската книжевна стварност по постмодернизмот (сегашноста како иден предизвик на книжевната историја)

*Апстракт*: Трудот е посветен на случувањата на македонската книжевна сцена во периодот по постмодернизмот, со одделен фокус на поетиките на авторите родени во 70-тите и 80-тите години на XX век. Притоа, одделно се отвора прашањето за поетичката (не)обгрнатост на авторите коишто дебитираа во завршницата и по завршницата на постмодернизмот, при што се анализира дали во актуелниот миг, во македонскиот книжевен простор воопшто може да се препознае одделна стилска формација, но и едновремено, дали навистина постмодернизмот е целосно завршен. Со проследување на развојот на македонската книжевност се анализира и дали воопшто може да се говори за нови книжевни генерации во смислата во којашто книжевната генерација беше претходно перципирана во македонската книжевна историја. Со ова, трудот се надоврзува на согледувањата на Ала Шешкен, во однос на македонската книжевна историја, со коишто таа задира до периодот на постмодернизмот, но потоа следи голем (иден) предизвик – како книжевната наука ќе (може да) ја валоризира актуелната книжевна стварност.

*Клучни зборови*: македонска книжевност, постмодернизам, постпостмодернизам, актуелни тенденции, книжевна историја

*I. Antonovski (Skopje, RN Macedonia)*

## Macedonian Literary Reality after the Postmodernism (The Reality as a Future Challenge of the Literary History)

*Abstract:* This paper is dedicated to the events of the Macedonian literary scene in the period after postmodernism, with a separate focus on the poetics of the authors born in the 70s and 80s of the 20$^{th}$ century. At the same time, the question of the poetic (un) coverage of the authors who debuted in the end and after the end of postmodernism is separately opend, while analyzing whether in the current moment, in the Macedonian literacy area in general, a separate stylistic formation can be recognized, but at the same time, is the postmodernism really over? By tracing the development of Macedonian literature, it is also analyzed whether it is even possible to speak of new literary generations in the sense in which the literary generation was prevously regarded in the Macedonian literary history. With this, the paper builds on the insights of Ala Sheshken in relation

to the Macedonian literary history, with that it touches to the period of postmodernism, but then follows a great (future) challenge – how literary science will (can) valorize the current literary reality.

*Key words:* Macedonian literature, postmodernism, postpostmodernism, current tendencies, literary history

Во своите студии «Формирањето и развојот на македонската литература» и «Теми за македонската литература XX век», Ала Шешкен остварува книжевнонаучен потфат којшто е редок во изминатите две децении – со позитивистички пристап, историографски да се анализира и критички да се согледуваат остварувањата на современата македонска книжевност во севкупниот нејзин развој – и тоа во првата студија до почетокот на осудесеттите, а во вторта, објавена минатата година, до крајот на деведесеттите години на минатиот век. Со овие монографски студии, Шешкен се надоврзува на потфатот на Миодраг Друговац остварен со неговата «Историја на македонската книжевност: XX век», иако во посинтентизирана, односно покуса форма, но со нови, автентични несубјективни констатации и согледувања коишто се надоврзуваат на детално истражената фактографија и се исклучително значајни за критичкото согледување на македонската книжевна дијахронија од научна перспектива надвор од катадневјето на македонската култура. Впрочем, овие дела на Шешкен, на современ план се и единствените остварувања преку коишто странски славист и македонист, суптилно приврзан и за позитивистичкиот пристап кон книжевноста, со толкава сеопфатност од аспект на временскиот период се има обидено да ја анализира големата слика за современата македонска книжевна генологија. Едновремено, обиди за ваков сеопфатен историографски пристап кон современата македонска книжевност, во изминативе две децении не се многубројни и во македонската книжевна наука, при што се издвојува учебникот по македонска книжевност и култура «Везилка» на Весна Мојсова-Чепишевска, во којшто со современа теориско-критичка доиптрија, и книжевно-историографски е исчитана современата македонска книжевност. Овој учебник, во втората посочена студија на Шешкен се препознава како една од референците за фактографската рамка со која го надградува својот историографско-валоризирачки прочит, осврнувајќи се на уште две децении од македонскиот книжевен развој, коишто не се опфатени во нејзиното претходно клучно монографско остварување. Оттука, овие монографски студии на Шешкен, веќе претставуваат едни од важните референци за натамошните книжевно-историски проучувања на современата македонска книжевност.

Но, токму онаму каде што засега запира Шешкен, започнува етапа на македонската книжевна стварност којашто ќе претставува исклучително комплексен предизвик за книжевната историја – периодот од почетокот на 2000-те години наваму. Неспорно, на почетокот на 2000-те, постмодернизмот го достигна својот зенит во македонскиот книжевен простор, со клучни постмодернистички дела на македонската естетска вертикала. Ама потоа, по дотогашната веќе евидентна «книжевна загушеност» од постмодернистичките технички и својства, колажи и палимпсести, по одалечувањето од интимното во книжевноста, веќе следеше бран нови поетики, доминантно претставен од автори родени во седумдесеттите и осумдесеттите години на минатиот век, на коишто потоа се надоврзаа и автори родени во 90-тите. Иако не мал дел од нив, своите творечки почетоци ги доживеа токму во постмодернистичката фаза на нашата книжевност (некои и на крајот на

90-тите) и иако во нивното творештво се забележува ползување и на некои техники и својства на текстот коишто беа одлика на постмодернизмот, сепак, со нив се случи и завршницата на постмодернизмот и отпочна нова развојна етапа на македонската книжевна стварност. Особено по објавувањето на антологијата на најмладата македонска поезија и проза «Ветерот носи убаво време» (Скопје: Матица Македонска, 2012), иако најавата претходеше со пробивот на автори родени во 70-те години. Оттука, пред книжевниот историчар, утре ќе се отвори прашањето дали може да се говори за нови книжевни генерации на XXI век во современата македонска книжевност и за нова стилска формација којашто следи по постмодернизмот. Поконкретно, пред книжевниот историчар ќе се јави задачата да се деконструира вистински терминот «книжевна генерација» во контекстот на новото, се уште алтуелно книжевно време.

Денес, во македонскиот книжевен простор, сепак, не можеме да говориме за нови «книжевни генерации» или книжевен круг во истата смисла во која овој термин го употребуваме кога говориме за македонските автори кои беа книжевно «легитимирани» до почетокот на осумдесеттите години на XX век. Ниту кај авторите родени во 70-тите коишто својот обид да се одалечат од постмодернистичките начела ги демонстрираа токму кога постмодернизмот беше во зенитот, ниту кај авторите родени во 80-тите чиишто дела денес се доминанта на македонската книжевна стварност и кај авторите родени во 90-тите коишто својот пробив на книжевната сцена го доживеаа многу позабрзано отколку нивните претходници, не постои цврста, манифестна поврзаност околу заедничка поетичко-естетска платформа или обединетост која упатува кон припадност на заедничка, единствена, нова стилска формација.

Несомнено, авторите родени во 70-те и 80-те, во периодот на своите дебитирања настапуваа и во «генерациско единство», најчесто сврзано со декадата во која се родени (за што сведочат и конкретни антологии во чиишто предговори објективно, не се говори за поетичко единство и унифицираност, туку за поетичка различност), но согледувајќи од временска дистанца, можеме да констатираме дека таквото единство не се темелело врз идеја за отпочнување «борба» за заедничка поетика, туку евентуално врз идеја за почнување «борба» за поинаков пристап кон книжевноста (но од секого, индивидуално доживеан) – нешто што веројатно е одлика на сите нови бранови автори, но и врз идеја за заедничко впрегнување на силите за сопствен пробив на книжевната сцена… од интернетскиот простор, блогосферата и студентскиот книжевен клуб до «формалната» книжевна сцена, за потоа, по пробивот, секој да продолжи во книжевниот простор да го чекори творечкиот пат индивидуално. Впрочем, ваквата «генерациска» одлика и претходно е присутна во македонскиот книжевен простор, за што пример е антологијата «Излазак из сенке» приредена од Венко Андоновски, кога исто како и за авторите од 70-тите и 80-тите, при првите заеднички «генерациски настапи» се користи терминот «македонска книжевна авангарда».

Во изминативе две декади, поради стилската, поетичката и/или тематската блискост меѓу творештвото на некои од генерациски блиските автори (според годината на раѓањето или дебитирањето во книжевноста), имаше простор за дилема дали / дека се навестува нова стилска формација. насетување појава на «нов реализам» (особено во прозата, со појавата на Жарко Кујунџиски, Живко Грозданоски, Ѓорѓи Крстевски и претходната творечка фаза на Румена Бужаровска, исто онака како се говореше и за поетиката на урбаното, за потоа да може да се препознае и нов, експериментален модернизам. Но од временска дистанца, во

многугласието на македонската книжевност на XXI век, сепак, иако е евидентно дистанцирање од постмодернизмот (па и од постпостмодернизмот), реално, во македонскиот книжевен простор не треба да бараме таков, формациски заеднички именител, иако речиси сите актуелни автори, поетички може да се обгрнат во настојувањето да пишуваат поразлично од своите претходници, да се навратат на теми што се сметале за «затворени», да пишуваат за она што порано се сметало за некнижевна тема и во новата книжевна ангажираност… во настојувањето од сè да се направи книжевност. Накусо, по постмодернизмот, во македонскиот книжевен простор се случува изразен книжевен индивидуализам, што се чини е актуелна состојба и во не мал  дел од националните книжевности во Европа.

Оттука се отвора прашањето како утре, книжевниот историчар ќе може преку «групен портрет» да ја валоризира актуелната книжевна стварност, ако нема општа стилскоформациска рамка. Неопходно ќе биде да се примени и пристапот на Шешкен кога се оврнува на претходните децении на македонската книжевност – со критичко исчитување на опусите на одделните автори, и тоа со претходна селекција, како што постапува таа, без микрохронолошкиот пристап на Друговац, којшто во услови на хиперпродукција би бил и неостварлив. Токму тие одделни исчитувања можат да доведат до поетичките сврзувачки ткива на овие нови, во традиционалната книжевна смисла некласични генерации автори, и тоа на оној начин на којшто пристапува и Шешкен во традиционалниот дух на книжевната историја – според книжевните жанрови и со синтеза меѓу фактографијата и книжевната критика.

Впрочем, веќе може и да се дојде до првичните заклучоци, чекорејќи по овој книжевноисториски пат. Основниот заеднички именител за поетиката на авторите коишто ја креираат македонската книжевна стварност по постмодернизмот е враќањето на Јас кај субјектот во книжевното дело и враќањето на реалноста во книжевниот текст – она коешто се чини постмодернизмот веќе го губеше. Токму ваквиот заеднички именител е оној којшто остави простор за дилемата дека со доаѓањето на овие автори на книжевната сцена ќе се случи нов реализам. Но, сепак, микропрочитот на создаденото во последната деценија, укажува на отстапувања (пост нов историцизам, нов интимизам, нов егзистенционализам, нов субјективизам, нова ангажираност итн.), коишто укажуваат дека ваквиот заеднички именител, со поетичките особености коишто го окружуваат во секој од индивидуалните опуси, не е остварен по иста книжевна траекторија којашто би овозможила генерализација преку една јасно дефинирана стилско-формациска рамка. Иако, не може, а да не се препознае заедничката поетичка определба за бегство од локалниот контекст, особено тематско-мотивски план, но и од аспект на самиот топос, кај голем дел од актуелните автори (особено видливо во прозата – пр. Петар Андоновски и Давор Стојановски, но и во поезијата – пр. Јулијана Величковка, Ѓоко Здравески, а од поновите автори и Андреј Ал-Асади), видлива и кај дел од постмодернистите – претходни и современици (пр. Гоце Смилевски), при што е забележливо дека книжевното дело постојано се конципира како текст којшто ќе ја оствари својата функција и во превод, во друга културна средина. Иако едновремено некои автори, најверојатно со истата побуда избираат и пристап на етикетирање на локалниот контекст на „малата култура“ со етикеката на супериорниот Друг (пр. Румена Бужаровска во дел од своите раскази), додека многу мал дел и поетички се приврзани со локалниот контекст (пр. Иван Шопов, а во последниот период и Жарко Кујунџиски). Но ваквите тенденции ќе поставаат предизвик пред книжевниот историчар да оцени дали процесот на интернационализација на книжевната приказна има влијание врз дру-

ги, книжевни димензии на книжевниот текст на денешницата. Со своите книжевни текстови, тие се некаде меѓу она, во духот на Василиј Кандински, XIX-вековното или-или и XX-вековното и, т.е. меѓу исклучивоста и интегративноста. Затоа што ако историјата не е историја на спасот, на револуцијата и на прогресот, ако од неа не може да се очекува ништо, тогаш единствениот извор е во човекот и во неговото достоинство. И тоа е така зашто живееме во еден свет, како што вели Жан Бодријар, во кој има сè повеќе информации, а сè помалку смисла.

Во однос на поезијата, евидентно е дека голем дел од авторите, користејќи ги «привилегиите» на слободниот стих, се имаа(т) впуштено во бегство од метафоричниот дискурс во форма во којашто е препознатлив за претходни фази на македонскиот книжевен раавој, приклонувајќи се кон метонимијата, при што некои од нив неретко се изразуваат преку сарказмот, иронијата и/или хуморот во и меѓу стиховите. Но сепак, доминантни се оние поетики во коишто е присутна скриената згусната метафора или симболот, поместени во второто или третото интерпретативно рамниште, зад првото коешто го овозможува метонимискиот дискурс, при што Јас станува повидливо токму на тие подлабоки интерпретативни рамништа. Задржувањето на теренот на реалистичното, којшто во поетскиот текст е претставен преку реферирање на сегменти од актуелната стварност, обусловува хибриден поетски говор со ползување на некнижевниот дискурс од некнижевното секојдневје (до пред две децении отсутен од македонското поетско искуство) којшто резултира со своевиидна «лажна» метонимија, зад којашто се кријат подлабоките интерпретативни рамништа остварени со нетрапранетната метафорика. Ако се проследи и одделно, творечкиот развој на најголемиот дел од овие поети чијашто поезија го одбележува актуелниот миг на македонската книжевна стварност (родени од 70-те наваму), се доаѓа до заклучок дека и оние коишто во своите творечки почетоци ја претпочитале чистата метономија, и оние коишто настојуваа да имаат метафоричен поетски дискурс којшто би бил по урнекот на нивната модернистичка лектира, потоа, вклучително до овој миг се приврзаници на метономијата остварена со јазикот на секојдневјето, зад којашто се крие повеќеслојна метафорика, вклучително и кај оние со ангажирана поетика, којашто се забележува поизразено кај авторите родени во 90-те години.

На теренот на прозата, иако кај голем дел од авторите, почетоците беа остварени преку расказот, и тоа особено преку формата кус-кус расказ, сепак, како и кај авторите коишто ги одбележаа 80-те и 90-те години, потоа голем дел од нив (по)станаа романсиери (пр. Давор Стојановски), а и покрај тоа, евидентна е посветеноста и на расказот, од автори коишто се пронаоѓаат токму во овој жанр или подеднакво и на теренот на романот и на расказот. Кај авторите родени во 80-тите, коишто дебитираа со раскази, покрај насоченоста кон Јас и стварноста, уште на самите почетоци се забележуваше поетика на афабуларност, што не беше дотолку карактеристично за авторите родени кон крајот на 70-тите и заради тоа, следствено, порано пројавени на книжевната сцена. Но, проследувајќи ги поетичките особености во континиумот на книжевниот развој, евидентно е дека афабуларноста постанува одлика и на поновото, актуелно (и популарно) творештво и на овие автори, додека на теренот на романот иако ја нема фабулата, дијалогот и дејството, неретко се заменети со дескрипција и метафоричност во нарацијата. Притоа, и натаму се присутни поигрувањата со жанрот, но поразлично отколку во постмодернистичката фаза (иако евидентно, овие автори се многу добро упатени во постмодернистичките можности, дотолку што си поигруваат и со нив) доде-

ка едновремено се забележливи и нови трендови на тематско-мотивски план, со настојување за книжевна насоченост кон теми коишто претходно не биле дотолку присутни во македонската книжевност, од коишто некои се адресираат и кон некои актуелни идеологии, до степен на ангажираност, проследена и со дневна популарност, којашто во времето што е пред нас ќе го отвори и прашањето дали и покрај раскажувачката вештина и подготвеност да се задржи читателското внимание, дел од книжевниот потенцијал бил жртвуван пред олтарот на ангажираноста. А тоа, едновремено го отвора и прашањето за поетичката блискост или растрганост меѓу европското и американското книжевно искуство.

Но, ако зборуваме за жанровска доминантност без «генерациско» ограничување, забележлива е доминацијата и на есејот, којшто се издвојува како натамошен книжевнонаучен предизвик, имајќи го предвид досегашното отсуство на сеопфатно опсервирање во македонскиот книжевен контекст. Оттука, и пред книжевниот историчар да се зафати со овој потфат, очекувано е потемелно, книжевно-теориско микрочитање на македонскиот есеј, не само преку опусите на одделни автори, туку и во контекст на севкуното современо, македонско, книжевно и културолошко искуство.

Од друга страна, драмата, иако го продолжи своето присуство од осудесеттите и деведесеттите години, сепак, и во изминатите две децении, тоа е остварено преку делата на автори коишто активно создаваа и претходно, додека во целост отсуствува повидлив драмски текст од авторите родени во втората половина на 70-тите, 80-тите години поставен на театарска сцена. Оттука, неспорно е дека нашиот книжевен и културен простор се соочува со недостиг на ново драмско перо (и покрај навестувањата на пр. со Давор Стојановски), што понатаму, за книжевниот историчар можеби ќе отвори предизвик да објасни / толкува јаз во македонската драма (од генерациски аспект), иако во последните години има интерес и за драматизација и театарска поставка на дела од македонски прозаисти и поети, вклучително и од автори од новите бранови.

Ама, неспорно е дека големиот утрешен предизвик за книжевниот историчар, дополнително ќе биде комплексен заради хиперпродукцијата којашто се случува по дури и пренагласената демократизација на издаваштвото, под влијание и на новите медиуми и канали на комуникација, а уште повеќе заради неопходноста од независно исчитување на македонските книжевни остварувања од XXI век, имајќи предвид дека актуелната рецепција на некои од објавените книги особено на теренот на прозата е условена и од некнижевни фактори, коишто се покажуваат како клучни за поетичките димензии на овие дела. Поконкретно, присутната тенденција за идологијазација и општествена ангажираност на некои од делата, којашто веќе ја споменавме (а се надоврзува и на општествениот ангажман којшто го имаат дел од нив), но и тенденцијата некои од нив да бидат димензионирани соодветно не само книжевно, туку и како ангажирани текстови коишто може да се прелеат и надвор од книжевната сфера, а напишани со мајсторска вештост на задржување на чителелското внимание кај поширокиот аудиториум, влијае на популарноста на некои книжевни објави на денешницата (пр. «Мојот маж» од Румена Бужаровска), при што кај некои автори се забележува и напуштање на првичните поетички начела во нивното творештво во име на «актуелните» потреби. Дополнителен фактор се и некои од книжевните награди, но со тоа се отвора одделна тема, за релевантноста на некои од наградите, иако искуството потврдува дека дел од нив остваруваат влијание врз перцепциите и критериумите на чителелите. Книжевниот историчар ќе биде исправен пред предизвикот актуелната популарност и рецепција да ги согледува низ културолошката призма, а критичкото осврнување

на ваквите дела да го темели врз исчитување неоптоварено од културолошки и општествени актуелности на денешницата.

Но, неспорен факт е дека забрзаниот книжевен развој веќе е историја дека и македонската книжевна стварност постојано воспоставува синтези со книжевните текови коишто се одвиваат и надвор од македонскиот книжевен контекст, при што во XXI век се зголеми присуството на македонскиот автор и пред странската читателска публика, вклучително и со поголем број преводи на понови македонски дела. Впрочем, и отсуството на стилска формација и поетичка обгрнатост, во голема мера кореспондира со она што се случува и надвор од македонската книжевна сцена. Оттука, книжевиот историчар ќе биде исправен пред предизвикот за исчитување и вреднување на остварувањата и во наднационален, не само јужнословенски и славистички, туку и воопшто европски и меѓународен контекст. Ова е еден, но се чини и не последен во низата предизвици...

Се запрашуваме – ќе може ли книжевниот историчар да одговори на овие предизвици. Да, ќе може, ако меѓу примерите коишто ги следи биде историографскиот пристап на Ала Шешкен кон македонската книжевност, со темелито објективно истражување и сестрана упатеност, повеќеслојна интерпретација и со воспоставување на неопходните синтези меѓу фактографијата и книжевната критика.

## ЛИТЕРАТУРА


*Друговац М.* Историја на македонската книжевност: XX век. Скопје: Мисла, 1990.

*Мојсова-Чепишевска В.* Везилка: современа македонска литература и култура. Скопје: Универзитет «Св. Кирил и Методиј» во Скопје, 2019.

*Мојосва-Чепишевска В.* Везилка: македонска литература и култура – второ издание (дополнето и изменето). Скопје: Универзитет «Св. Кирил и Методиј» во Скопје, 2022.

*Шешкен А.* Формирањето и развојот на македонската литература. Скопје: Филолошки факултет «Блаже Конески», 2012.

*Шешкен А.* Теми за македонската литература. XX век. Скопје: Дијалог, 2021.


## REFERENCES


Drugovac M. (1990) History of Macedonian Literature: 20th century. Skopje. Misla Publ.

Mojsova-Chepishevska V. (2019) Embroidery: Contemporary Macedonian Literature and Culture. Skopje. University “St. Cyril and Methodius” in Skopje Press.

Mojsova-Chepishevska V. (2022). Embroidery: Contemporary Macedonian Literature and Culture. 2nd ed. (enlarged and corrected). Skopje. University “St. Cyril and Methodius” in Skopje Press.

Sheshken A. (2012) Becoming and Development of Macedonian Literature. Skopje. Faculty of Philology “Blaze Koneski”.

Sheshken A. (2021) Questions of the Macedonian Literature. 20th century. Skopje. Dialog Publ.


*Сведения об авторе*:


Иван Антоновски,
магистер по филолошки науки
истражувач
Филолошки факултет «Блаже Конески»
Универзитет «Св. Кирил и Методиј» во Скопје

Ivan Antonovski,
M.Sc. in Philology
Researcher
Blazhe Koneski Faculty of Philology
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

i.antonovski@gmail.com